Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на член 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и член 40 став 1 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, на 49-та седница одржана на 07.06.2021 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

**СЕ ЗАПИРА** постапката поведена по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, на ден 18.11.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, заведен под број на предмет 12-5257/1 од 18.11.2019 година, во која се укажува на сомневање за злоупотреба на службената положба и овластување при спроведување на постапки за јавни набавки, непочитување на даночни прописи, непријавување податоци за имотна состојба, како и наводи за непотизам и судир на интереси при вработување на блиски лица од страна на Градоначалникот на Општина --------------- - --------------------- и правните лица ----------------- и ------------------ ДООЕЛ.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување по предметот поради тоа што постапиле надлежни органи и не се потврдени наводите од пријавата.

Предметот со број 12-5257/1 од 18.11.2019 да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-5257/1 од 18.11.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од непознат подносител.

Во пријавата се укажува на сомневање за злоупотреба на службената положба и овластување во Општина ---------------------- од страна на Градоначалникот на општината -------------------------- и правните лица ----------------- и ----------------------------------. Во пријавата се изнесени повеќе наводи кои според подносителот укажуваат на злоупотреба на службената положба и овластување од страна на Градоначалникот на Општината ----------------- - ------- ----------------------. Имено, се наведува дека општината има доделено јавна набавка за адвокатски услуги на адвокатот ---------------------------, кој истовремено е бранител на градоначалникот во кривична постапка која се води против него за даночно затајување и дека хонорарот се исплаќа и од средства на општината.

Во продолжение се наведува дека правното лице ------------------------ ДООЕЛ, кое било во сопственост на именуваниот градоначалник и за време на својот мандат ја пренел сопственоста на неговата мајка, согласно листата на должници јавно објавена на веб страната на УЈП е должник спрема државата, а исто така и самиот градоначалник како физичко лице се

наоѓа на листата на даночни должници.Според подносителот, ова укажува дека и овластените лица во УЈП ги злоупотребуваат своите овластувања затоа што не го наплаќаат данокот од овие должници, односно негови блиски лица во оваа институција спречуваат да се покренат постапки за наплата на долгот од градоначалникот и да се земат предвид неговите редовни примања, недвижниот имот кој го поседува, како и промената на сопственоста на правното лице ------------------------ ДООЕЛ од градоначалникот на неговата мајка.

Во пријавата, исто така, се наведува дека е склучен договор за деловно-техничка соработка помеѓу сопругата на градоначалникот и управител на ------------------------ ДООЕЛ и правното лице ---------------- Скопје чиј управител е брат на директорката на ООУ ------------ --------------------- во Општина --------------------. Сестрата на управителот на ова правно лице била вработена од страна на градоначалникот во 2013-2014 година како наставник во посоченото училиште, за во следните години да биде назначена за в.д директор и во 2018 година за директор на истото училиште. Се наведува дека во ова училиште градоначалникот ја вработил и сестрата на својата сопруга, како и сопругата на неговиот брат. Во 2018 година бил распишан тендер за реновирање на фасадата на ова училиште, кој тендер го добива правното лице ------------------------ кое е во деловно-техничка соработка со правното лице ------------------------ ДООЕЛ во сопственост на сопругата на градоначалникот. Во однос на правното лице --------------------- во понатамошниот тек на пријавата се наведува дека има добиено неколку тендери распишани од општината во периодот од 2015-2018 година.

Во продолжение се наведува дека е склучен договор за закуп на недвижен имот помеѓу двајцата сопружници на ден 01.01.2009 година под број 01/09 кој е на неопределено време и е фиктивен и склучен во неработен ден, а е составен дел од барањето за А-дозвола за усогласување со оперативен планСтационарна асфалтна база ------------------------- ДООЕЛ. Исто така, се наведува дека имотот кој се дава под закуп опишан во член 1 од договорот не е прикажан во анкетниот лист на градоначалникот, кој имот се однесува на стационарната асфалтна база на правното лице ------------------------------ ДООЕЛ сопственост на сопругата на градоначалникот за барање за А-дозвола за усогласување со оперативен план. Покрај овој имот, дадени и се други податоци за непријавен имот во анкетниот лист на градоначалникот. И непријавен имот купен од неговиот татко.

На ден 25.11.2019 година до Државната комисија доставено е анонимно барање за разрешување на Градоначалникот на Општина ----------------------- – ----------------, заведено како дополнување на горенаведената пријава под архивски број 12-5257/2 од 25.11.2019 година. Подносителот на ова барање се повикува на член 64 став 5 од Закон за локални избори на РСМ од причина што градоначалникот бил обвинет за тешки кривични дела и е недостоен за вршење на функцијата. Како што е наведено, против градоначалникот има покренато обвинителен акт во кој е обвинет за кривично дело Перење пари и други приноси од казниво дело и кривично дело Прикривање, за кој е донесена Пресуда на ден 12.01.2017 година кој сè уште е во сила и по кој судењето е во тек, бидејќи предметот е вратен на првостепениот суд на повторно разгледување и одлучување.

Државната комисија за спречување на корупцијата оформи предмет по оваа пријава по однос на наводите за кои има законска надлежност за постапување и заради проверка на наводите и целосно утврдување на фактичката состојба по истиот побара информација од Општина -------------------- да достави целосна информација со прилог документација во однос на тоа дали адвокат ---------------------- ја застапува општината пред надлежните органи во

Република Северна Македонија, на кој начин е ангажиран и доколку е тоа случај да се достави копија од склучениот договор со адвокатот, како и до Градоначалникот на Општина ------- ----------------- да достави информација дали адвокат ------------------- го застапува како физичко лице пред надлежните органи во Република Северна Македонија.

По барањето на Државната комисија доставен е одговор од страна на Општина ---------------------------- со кој известува дека адвокат --------------------- не ја застапува општината пред надлежните органи во Република Северна Македонија.

Државната комисија, заради проверка на наводите и целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, исто така се обрати до Управата за јавни приходи да достави целосна информација во однос на тоа дали правните лица „------------------- ДООЕЛ" и „-------------------------------- ДООЕЛ" имаат неплатени даночни долгови по законски предвидените основи и дали Управата за јавни приходи има поведено постапка за наплата на евентуални даночни долгови од овие правни лица и кој е исходот од истата.

Од страна на Управата за јавни приходи доставен е одговор со кој известува дека за правното лице --------------------------------------- ДООЕЛ со увид во даночната евиденција на УЈП констатирана е состојба на ден 01/06/2020 година – даночниот обврзник нема главен долг по основ на ДДВ. По основ на камата за ДДВ долг состојбата е 222.546 денари должи. ДДВ каматата се однесува на главен долг од 2008 година за кој со 31/12/2018 година е настаната застареност за наплата согласно одредбите од Законот за даночна постапка. Претходно за даночниот должник се водела постапка за присилна наплата со решение на УЈП – РД Скопје заведено под бр.21-150/3-548. Ова решение е наплатено во целост видно од преглед на уплати во Трезор на РСМ заклучно со 06/10/2009 година. По ова решение нплатено е по основ на ДДВ главен долг износ од 3,046,927 денари, по основ на ДДВ камата износ од 14.200 денари и еднократна посебна такса за присилна наплата во износ од 153,056 денари. По завршувањето на постапката за присилна наплата по ова решение, започната е нова постапка со решение за присилна наплата од парични средства заведено под бр.22-60/3/78 од 15/01/2010 година, за наплата на долг за камата во износ од 208,411 денари и посебна такса во износ од 10,420 денари, односно сè во вкупен износ од од 218.831 денари. По основ на решението за присилна наплата од сметка на должникот наплатени се на ден 04/03/2010 година таксата во целост и дел од камата во износ од 1.557 денари. Од тој датум па до 01/06/2020 година нема друга уплата. Изготвен е и налог за даночен извршител за утврдување на имотната состојба на даночниот должник по што од добиените одговори од надлежните институции произлегло дека должникот не поседувал движен и недвижен имот, ниту хартии од вредност. Со увид во даночната евиденција на ден 01/06/2020 година утврдено е дека состојбата по основ на данок на добивка е во вкупен износ од 701,366 денари должи (главен долг). Видно од даночната картица долгот е по основ на ДБ за 2005 година, за кој на 31/12/2015 година е настаната застареност за наплата согласно одредбите од Законот за даночната постапка. За истиот од УЈП – РД Скопје не е поведена постапка за присилна наплата, односно во одделението за наплата не е доставена опомена за наведениот долг, како услов за отпочнување на присилна наплата. Од 2006 година до денес, даночниот должник поднесува Даночен Биланс без даночна обврска. По основ на МПИН нема воопшто поднесени пресметки за плата и нема решенија за присилна наплата. Во однос на правното лице ------------------------------ ДООЕЛ нема оформен предмет за присилна наплата во УЈП – РД Скопје. Со Состојба на 01/06/2020

година, данолниот обврзник има побарувачки салда по основ на ДДВ – 1,558,449 денари и по основ на данок на добивка -317.028 денари.

Државната комисија се обрати и до Министерството за животна средина и просторно планирање во однос на тоа дали правното лице --------------------------- ДООЕЛ има валидна А - интегрирана еколошка дозвола за Стационарна асфалтна база и кога последен пат е извршен инспекциски надзор над истата.

Од страна на министерството добиено е известување со прилог документација со кое министерството известува дека има издадено А - интегрирана еколошка дозвола УП1-11/3 БР.356/2019 од 10.12.2019 година, а во однос на инспекцискиот надзор на инсталацијата известува дека е надлежен е Државниот инспекторат за животна средина.

Државната комисија се обрати со барање до Државниот инспекторат за животна средина да достави информација во однос на тоа дали и кога е извршен инспекциски надзор во однос на А - интегрирана еколошка дозвола УП1-11/3 БР.356/2019 од 10.12.2019 година на Друштво за производство, градежништво, трговија, транспорт и услуги -------------------- ДООЕЛ увоз-извоз с. --------------------, ------------------", како и да достави прилог записник од извршениот инспекциски надзор.

Од страна на Државниот инспекторат за животна средина доставено е известување дека во текот на 2020 година извршени се три надзори во однос на А-интегрирана еколошка дозвола над посочениот правен субјект, а надзорите се однесуваат на вршење на мониторинг на емисии во воздух согласно утврдената фреквенција во А-интегрираната еколошка дозвола, но дека не се во можност да ги достават записниците затоа што во месец Септември 2020 година просториите на Државниот инспекторат ги зафатил пожар при што целосно била уништена архивата и другите канцеларии. Имајќи го предвид ова, Државната комисија побара од Државниот инспекторат за животна средина да изврши вонреден инспекциски надзор во однос на горенаведената А-интегрирана еколошка дозвола, како и да достави прилог записник од извршениот инспекциски надзор. Од страна на инспекторатот во законски предвидениот рок добиено е известување за извршен вонреден инспекциски надзор со прилог записник од истиот со бр.ИП1 15-164 од 20.04.2021 година согласно кој не се утврдени никакви неправилности во работењето на субјектот на надзор.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека нема елементи за нејзино натамошно постапување по предметот согласно членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, поради тоа што наводите од пријавата не се потврдени.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК:
Изработил: Б.К.Ш, Советник

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА**
**КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**М-р Шемши Салаи**